РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 01 - 840/1
11.03 2022 год.
КРИВА ПАЛАНКА

# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

2022

Крива Паланка

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19и 14/20), член 50 став (1) точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/2002), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-543/1 од 23.02.2016 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-1205/1 од 08.06.2017 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-937/1 од 26.03.2018 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-1202/1 од 20.04.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-2000/1 од 04.07.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-3464/1 од 06.11.2018 година,Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-2180/1 од 08.07.2019 година година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-208/1 од 20.01.2020 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-2650/1 од 17.09.2020 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-501/1 од 17.02.2021 годинаи Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-1880/1 од 22.06.2021 година

**Член 2**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, работното место со реден број „1“ назив на работно место „Секретар на Општина Крива Паланка“ со шифра: УПР0101А04000, делот вид на образование се менува и гласи : „Правни науки, Архитектура, урбанизам и планирање, Градежништво и водостопанство, Електротехника, Образование“.

**Член 3**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, работното место со реден број „1-а“ назив на работно место „Државен советник за нормативни и правни прашања“, со шифра: УПР 01 01 Б01 000 се брише.

**Член 4**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој потточка 1.1 Одделение за правни и општи работи, по работното место со реден број „5“ назив на работно место „Советник за јавни набавки и работи за седници на совет“, со шифра: УПР 01 01 В01 000, се додава ново работното место со реден број „5-а“ со назив на работно место „Советник– Асистент на Градоначалник“ кое гласи:

| **1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој.<br>1.1 Одделение за правни и општи работи** | |
|---|---|
| Реден број | 5-а |
| Шифра | УПР 01 01 В01 000 |
| Ниво | В1 |
| Звање | Советник |
| Назив на работно место | **Советник -Асистент на градоначалник** |
| Број на извршители | 1 еден |
| Одговара пред | Раководителот на одделението |
| Вид на образование | Безбедност |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Активно, ефективно и ефикасно извршување на најсложени работи и задачи во одделението за организирање на протоколарните средби и состаноци на градоначалникот. |
| Работни задачи и обврски | - ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа;<br>- ги организира протоколарните и работните средби и состаноци на Градоначалникот на Општина Крива Паланка;<br>- учествува во организирање на одбележување на значајни датуми и настани, како и доделување на награди од страна на Градоначалникот;<br>- учествува во подготовката на анализи, информации, извештаи и други материјали;<br>- учествува во организирањето на работите поврзани со посетите на градоначалникот во странство. |

**Член 5**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, потточка 1.1 Одделение за правни и општи работи, работното место со реден број 6-б, назив на работно место: „Помлад соработник за нормативни работи“ со шифра: УПР 01 01 В04 000, се брише.

**Член 6**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, потточка 1.1 Одделение за правни и општи работи, во работното место со реден број 11, Назив на работно место: „ Возач II “ со шифра: УПР 04 03 А02 001 во делот Број на извршители, бројот „2“ се менува со бројот „1“.

**Член 7**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, потточка 1.1 Одделение за правни и општи работи, во работното место со реден број 14, „Координатор на достава – курир“ со шифра:. УПР 04 05 А02 004 во делот Број на извршители, бројот „2“ се менува со бројот „1“.

**Член 8**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој потточка 1.2 Одделение за финансиски прашања, по работното место со реден број „18-а“ назив на работно место „Виш Соработник за утврдување и наплата на данок на промет на недвижности, наследство и подарок и имот на општина “,со шифра: УПР 01 01 В02 000, се додава ново работното место со реден број „18-б“ со назив на работно место „Виш соработник за администрирање на данок на имот и комунална такса за фирмарина“кое гласи:

| **1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој.<br>1.2Одделение за финансиски прашања** | |
|---|---|
| Реден број | 18-б |
| Шифра | УПР 01 01 В02 000 |
| Ниво | В2 |
| Звање | Виш Соработник |
| Назив на работно место | Виш соработник за администрирање на данок на имот и комунална такса за фирмарина |
| Број на извршители | 1 еден |
| Одговара пред | Раководителот на одделението |
| Вид на образование | Организациони науки и управување (менаџмент), Економски науки |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Активно, ефективно и ефикасно Извршување на сложени работи и задачи во одделението што се однесуваат на евиденција и утврдување на данок на имот и комунална такса за фирмарина, изготвување на решенија на даночни обврзници. |
| Работни задачи и обврски | - континуирано ги следи законските прописи и други општи акти од областа на утврдување на изворите на приходи за данок на имоти комунална такса за фирмарина;<br>- примање на пријави за данок на имот, проверка на точност на пријавите, внесување на податоците во апликацијата на данок на имот (пријава и одјава);<br>- изготвува решенија за комунална такса за фирмарина и ажурна евиденција на задолженијата<br>- врши прием и обработка на даночни пријави за утврдување данок на |

| | |
|---|---|
| | имот и изготвува решенија за задолжување со данок на имот и решенија за отпис и припис на данок на имот, изготвува регистар на обврзници на данок на имот, изготвува извештаи за извршената работа и се грижи за точно и ажурна евиденција на задолженијата со данок на имот;<br>-врши пријавување, одјавување или промена на адресниот податок по поднесено барање;<br>-учествува при подготвување на податоците од регистрите за невижности и подвижен имот што се доставува во Централниот регистер и Управата за јавни приходи;<br>-изготвува тези за изработка на прописи, општи акти и информативно аналитички матерјали;<br>- организирање и координирање со одделението за општи и правни работи за достава на решенија од делокруг на работа на одделението. |

**Член 9**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, потточка 1.2 Одделение за финансиски прашања, работното место со реден број „21“ назив на работно место „Помлад соработник за данок на промет на недвижности, наследство и подарок и ажурирање на имот на општината“ со шифра: УПР 01 01 В04 000 се брише.

**Член 10**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој потточка 1.3 Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија во работното место со реден број „24-а“назив на работно место “Советник за рурален развој и регионална соработка“ со шифра: УПР 01 01 В01 000 се менува во : Советник за локален економски развој и регионална соработка кое гласи:

| **1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој.<br>1.3 Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија** | |
|---|---|
| Реден број | 24-а |
| Шифра | УПР 01 01 В01 000 |
| Ниво | В1 |
| Звање | Советник |
| Назив на работно место | **Советник за локален економски развој и регионална соработка** |
| Број на извршители | 1 еден |
| Одговара пред | Раководителот на одделението |
| Вид на образование | Добиточно производство (Сточарство) |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Самостојно извршување најсложени работи и задачи во одделението поврзани со студиско-аналитички, инвестиционо-тековни и стручно-оперативни работи од доменот на локалниот економски развој и регионалната соработка |

| | |
|---|---|
| Работни задачи и обврски | - континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа, земјоделието, локалниот економски развој и регионалната соработка;<br>- организирање, кооридинирање и насочување на работите за планирање на локалниот економски развој и регионалната соработка;<br>- утврдување на приоритети и водење на локални економски политики;<br>- изготвување на развојни проекти и учествување во нивна реализација;<br>- организирање и координирање активности за имплементација на стратегијата за локален економски развој;<br>- процесирање на општи акти и информативни аналитички материјали;<br>- организирање и координирање соработка со бизнис секторот, НВО и други субјекти од локалното партнерство значајни за локалниоит економски развој и воспоставување на мрежа меѓу нив;<br>- контактира со донори и фондации во реализацијата на проекти во локалниот економски развој,<br>- врши потикнување на развој на претприемништвото и развојот на локално ниво,<br>- води евиденција на состојбите за постигнатите резултати. |

**Член 11**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој потточка 1.3 Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија во работното место со реден број „26" назив на работно место "Виш соработник за Локален Економски развој, земјоделие и регионална соработка" со шифра: УПР 01 01 В02 000 се брише.

**Член 12**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој потточка1.3 Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија во работното место со реден број „26-а" назив на работно место „Виш Соработник – Систем инженер", со шифра: УПР 01 01 В02 000 во делот „Вид на образование" по зборовите : Електротехника, Компјутерска техника и информатика се додава зборот "Географија", а во делот „Работни задачи и обврски", по алинеа 7 се додава нова алинеа 8 која гласи „ -се грижи и го одржува ГИС (Географско-информациониот систем).

**Член 13**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој потточка 1.3 Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија по работното место со реден број „29" назив на работно место „Соработник за планирање и следење на локален економски развој", со шифра УПР 01 01 В03 000 се додава ново работното место со реден број „29-а" со назив на работно место "Соработник за односи со јавност, култура и соработка со цивилниот сектор"кое гласи:

| 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој.<br>1.3. Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија | |
|---|---|
| **Реден број** | 29-а |
| **Шифра** | УПР0101В03000 |
| **Ниво** | В3 |
| **Звање** | **Соработник** |
| **Назив на работно место** | **Соработник за односи со јавност, култура и соработка со цивилниот сектор** |
| **Број на извршители** | 1 (еден) |
| **Одговара пред** | Раководител на одделение |
| **Вид на образование** | Политички науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно, ефективно и ефикасно остварување на односи и комуникации со јавноста и работи што се однесуваат на одржување и остварување соработка во културата и со цивилниот сектор. |
| **Работни задачи и обврски** | - Континуирано следење на законските прописи од делокругот на работите кои ги извршува и ги врши рутинските работи и задачи во одделението поврзани со односи со јавност, култура и соработка со цивилниот сектор;<br>- изготвува на комуникациски материјали како соопштенија за медиуми,брифинзи и билтени;<br>- врши активности за остварување на комуникација со медиумите во однос на активностите на органите на општината;<br>- организира прес-конференции, брифинзи и други настани и помага во изготвување на информациски материјали што се однесуваат на активностите на градоначалникот и општината;<br>- учествува и дава одговори на прашања;<br>- Учествува во тимови за организација на културни манифестации од меѓународен, регионален и локален карактер;<br>- Координира заеднички културни активности со НУ Центар за култура Крива Паланка и ЛУ Градски музеј Крива Паланка;<br>- Координара и развива соработка со здруженија на граѓани и други субјекти од цивилниот сектор;<br>- Учествува и ги врши работите и задолженијата во комисии во кои е именуван. |

**Член 14**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој потточка 1.3 Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија во работното место со реден број „30-а“ назив на работно место “Помлад Соработник за управување со квалитет“со шифра УПР 01 01 В04 000, се брише.

**Член 15**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој потточка 1.3 Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија во работното место со реден број „30-б“ назив на работно место „Помлад соработник за односи со јавност и култура и соработка со цивилниот сектор“, со шифра УПР 01 01 В04 000, во делот „Вид на образование“ по зборовите Политички науки (Студии по новинарство) се додаваат зборовите: “Правни науки“.

**Член 16**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој потточка 1.3 Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија во работното место со реден број „30-в“ назив на работно место „ Помлад соработник за подготовка и анализа на проекти од областа на јавните дејности и локалниот економски развој “, со шифра УПР 01 01 В04 000, во делот во делот Број на извршители, бројот „1“ се менува со бројот „2“.

**Член 17**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 2 Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура, 2.1 Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина по работното место со реден број „36“ назив на работно место „Советник за Издавање на изводи од урбанистички планови и одобренија за градење“,со шифра: УПР 01 01 В01 000 се додава ново работното место со реден број „36-а“ со назив на работно место “Советник за животна средина“кое гласи:

| **2 Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура, 2.1Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина** | |
|---|---|
| **Реден број** | 36-а |
| **Шифра** | УПР 01 01 В01 000 |
| **Ниво** | В1 |
| **Звање** | Советник |
| **Назив на работно место** | Советник за животна средина |
| **Број на извршители** | 1 (еден) |
| **Одговара пред** | Раководител на Одделението |
| **Вид на образование** | Животна средина |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно, ефективно и ефикасно извршување на најсложени работи и задачиод делокруг на одделението од областа на заштитата на животната средина и природата; |
| **Работни задачи и обврски** | -континуирано ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на заштитата на животната средина и природата;<br>- ја спроведува постапката за издавање Б-интегрирани еколошки дозволи, согласно со Законот;<br>- ја спроведува постапката за одобрување на елаборати за животна средина, согласно со Законот;<br>- ја спроведува постапката за оцена на влијанија на животната средина |

| | |
|---|---|
| | од проекти, согласно со Законот;<br>- ја спроведува постапката за стратешка оцена на влијанија врз животната средина од стратегии, планови и програми, согласно со Законот;<br>-врши стручна обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби, изготвува тези за изработка на прописи, општи акти и информативно-аналитички материјали;<br>-изготвува предлог одлуки и други прописи, програми и други акти;<br>-изготвува стручно-аналитички и други материјали, дава стручни појаснувања и мислења за примена на законите и другите прописи и општи акти. |

**Член 18**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 2 Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура, 2.1 Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина по работното место со реден број „39“ назив на работно место „Помлад соработник за Сообраќај, локални патишта, улици и комунална контрола“,со шифра УПР 01 01 В04 000 се додава ново работното место со реден број „39-а“ со назив на работно место “Помлад соработник за управување и документирање на постапките за издавање одобренија“кое гласи:

| **2 Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура<br>2.1Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина** | |
|---|---|
| **Реден број** | 39-а |
| **Шифра** | УПР 01 01 В04 000 |
| **Ниво** | В4 |
| **Звање** | Помлад Соработник |
| **Назив на работно место** | Помлад соработник за управување и документирање на постапките за издавање одобренија |
| **Број на извршители** | 1 (еден) |
| **Одговара пред** | Раководител на Одделението |
| **Вид на образование** | Архитектура, урбанизам и планирање, Градежништво и водостопанство |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Активно, ефективно и ефикасно извршување поедноставни подготвителни работи во одделението за што се однесуваат на прибирање на податоци, управување и документирање на постапките за одобрение за градење. |
| **Работни задачи и обврски** | - континуирано ги следи законските прописи и други општи акти од областа на просторното и урбанистичкото планирање и градежништвото;<br>-учествува во подготвителните работи, во прибирањето на податоците и документацијата за изготвување на одобренија за градење, одобрение за реконструција и други управни акти од надлежност на одделението;<br>- учествува во подготовката за спроведувањето на урбанистички плановии плански документации;<br>- учествува во подготовката на прописи од областа на урбанизмот и градежништвото;<br>-контактира со проектантски и ревидентски фирми и институции кои се вклучени во постапката за издавање одобренија. |

**Член 19**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 2 Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура, 2.2 Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура по работното место со реден број „44" назив на работно место „Советник за Уредување на градежно земјиште и прибавување, комплетирање и обезбедување на техничка документација",со шифра УПР 01 01 В01 000 се додава ново работното место со реден број „44-а" со назив на работно место „Соработник за градежно земјиште, пресметување на комуналии и следење на реализација на инфраструктурни проекти"кое гласи:

| **2. Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура<br>2.2 Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура** | |
|---|---|
| Реден број | 44-а |
| Шифра | УПР 01 01 В03 000 |
| Ниво | В3 |
| Звање | Соработник |
| Назив на работно место | Соработник за градежно земјиште, пресметување на комуналии и следење на реализација на инфраструктурни проекти |
| Број на извршители | 1 еден |
| Одговара пред | Раководителот на одделението |
| Вид на образование | Градежништво и водостопанство, Архитектура, урбанизам и планирање |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно извршување и спроведување на надлежностите од делокругот на одделението, во поглед на пресметки на комуналии, обезбедување на техничка документација, следење на реализацијата на проектите од комуналната надлежност и работи за легализација на објекти |
| Работни задачи и обврски | - ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на уредувањето на градежното земјиште, комуналните дејности, градбата, просторното и урбанистичкото планирање;<br>- врши пресметки за наплата на комунален надоместок за уредување на градежно земјиште;<br>- учествува и врши работи за продажба на градежно земјиште, врши работи на процена на пазарната вредност на недвижниот имот;<br>- води постапка согласно на законот за утврдување на статус на бесправни изградени објекти и изготвува заклучок за пресметка на надоместок за легализирани објекти;<br>- врши работи на обезбедување на потребна документација за изготвување и реализација на проекти комуницира и ја координира работата со соодветните субјекти;<br>- врши увид на терен и ја следи и контролира работата за реализација на инфраструктурни објекти, подготвува матријали, анализи, информации и акти од делокругот на своето работење;<br>-учествува и помага во обезбедување на потребната урбанистичко-техничка и проектна документација;<br>-извршува подготвителни работи обезбедува потребна документација заради покренување постапки за реализација на проекти од областа на надлежност на одделението; |

| | |
|---|---|
| | - учествува во следењето и исполнувањето на обврските за уредување на градежно земјиште по секој склучен договор во поглед на надоместокот за уредување на градежно земјиште, врз основа на податоци од договорот, апроксимативен и стварен трошок на опремување;<br>- учествува и ги врши работите во комисиите во кои е назначен, именуван води постапки за отуѓување и давање под закуп на градежно земјиште сопственост на Р.М. и одговара за својата работа во рамките на своите овластувања. |

**Член 20**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 2 Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура, 2.2 Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура по работното место со реден број „50-а" назив на работно место „Помлад Соработник за заштита и спасување, управување со кризи и административна поддршка на ТППЕ Крива Паланка",со шифра УПР 01 01 В04 000 се додава ново работното место со реден број „50-б" со назив на работно место „Самостоен референт за комунални работи и јавно осветлување"кое гласи:

| **2. Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура<br>2.2 Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура** | |
|---|---|
| Реден број | 50-б |
| Шифра | УПР 01 01 Г01 000 |
| Ниво | Г1 |
| Звање | Самостоен референт |
| Назив на работно место | **Самостоен референт за комунални работи и јавно осветлување** |
| Број на извршители | 1 еден |
| Одговара пред | Раководителот на одделението |
| Вид на образование | Вишо или средно гимназиско или средно стручно образование |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Активно, ефективно и ефикасно вршење на работи од областа на јавно-комунална дејност, контрола на локалните патишта и улици, водоводи, канализации и други инфраструктурни објекти и јавно осветлување во општинасо упатство и под надзор од раководителот на одделението. |
| Работни задачи и обврски | - ги следи и применува законите и други акти од областа која ја покрива;<br>- го следи извршувањето на градежните работи при реализација на општински проекти од страна на избраните економски оператори или од општинските јавни претпријатија за изведување на активности за локални патишта, улици, водоводи, канализации и други инфраструктурни објекти,раскопување на јавни површини, поставување на рекламни материјали, користење на јавен простор и други комунални дејности;<br>- врши увид на терен и води евиденција на извршените работи;<br>- учествува и собира податоци за планирање на уредувањето и организирањето на јавното осветлување;<br>- организира илуминацијата на објекти и празнично украсување на градот со светлечки украси;<br>- постапува по барања за обезбедување времени електрични приклучоци по повод јавни манифестации и други потреби; |

**Член 21**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 3. Одделение за инспекциски надзор, во работното место со реден број 57, „Референт - Комунален редар“ со шифра УПР 01 01 Г03 000 во делот Број на извршители, бројот „3“ се менува со бројот „2“.

**Член 22**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 5.Одделение за внатрешна ревизија во работното место со реден број „60“ назив на работно место „Раководител на одделение за внатрешна ревизија“,со шифра УПР 01 01 В04 000 во делот „Вид на образование“ по зборовите Економски науки, Правни науки се додаваат зборовите “Образование“.

**Член 23**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и дополнувања и на табеларниот преглед на работните места во општинската администрација на Општина Крива Паланка, како составен дел на Правилникот.

**Член 24**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената писмена согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр.01-840/1
11.03.2022 година
КриваПаланка

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник**
**Сашко Митовски**

## ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

| еден број | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | УПР | 01 | 01 | А04 | 000 | Секретар на Општина Крива Паланка | 1 |
| **1.СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ, ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | | | | |
| 1-а | | | | | | | |
| 2. | УПР | 01 | 01 | Б02 | 000 | Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој | 1 |
| **1.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ** | | | | | | | |
| 3. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за правни и општи работи | 1 |
| 4. | | | | | | | |
| 5. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за јавни набавки и работи за седници на совет | 1 |
| 5-а | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник Асистент на градоначалник | 1 |
| 6. | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| 5-б | | | | | | | |
| 7. | | | | | | | |
| 8. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за архивско и канцелариско работење и упатување на граѓани / странки | 2 |
| 9. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за организација на седници на Советот на Општина Крива Паланка и соработка со ЗЕЛС, СИПР и други субјекти | 1 |
| 10. | УПР | 04 | 03 | А01 | 001 | Шеф на возен парк | 1 |
| 11. | УПР | 04 | 03 | А02 | 001 | Возач II | 1 |
| 12. | | | | | | | |
| 13. | УПР | 04 | 05 | А03 | 004 | Хигиеничар | 2 |
| 14. | УПР | 04 | 05 | А02 | 004 | Координатор на достава – курир | 1 |
| 15. | | | | | | | |
| **1.2 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА** | | | | | | | |
| 16. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за финансиски прашања | 1 |
| а | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за утврдување и наплата на данок на промет на недвижности и данок на | 1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | наследство и подарок | |
| 17. | | | | | | | |
| 18. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник Одговорен сметководител | 1 |
| 18-а | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш Соработник за утврдување и наплата на данок на промет на недвижности, наследство и подарок и имот на општина | 1 |
| 18-б | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за администрирање на данок на имот и комунална такса за фирмарина | 1 |
| 19. | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник за Финансии, планирање и извршување на буџетот и овластен известител за неправилности и сомнежи за измама и корупција | 1 |
| 20. | | | | | | | |
| 20-а | УПР | 01 | 01 | ВО3 | 000 | Соработник за администрирање на данок на имот и комунална такса за фирмарина | 1 |
| 21. | | | | | | | |
| 21-а | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за утврдување и наплата на такси и други надоместоци | 1 |
| 22. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен Референт за финансиско работење | 1 |
| 23. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен Референт за материјално работење | 1 |
| 23-а | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен Референт за присилна наплата | 1 |
| 23-б | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за планирање и извршување на буџетот | 1 |
| **1.3 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ, ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА** | | | | | | | |
| 24. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија | 1 |
| 24-а | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за локален економски развој и регионална соработка | 1 |
| 25. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш Соработник за Образование и спорт | 1 |
| 26. | | | | | | | |
| 26-а | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш Соработник – Систем инженер | 1 |
| 26-б | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за управување со квалитет и слободен пристап до информации од јавен карактер | 1 |
| 27. | | | | | | | |
| 28. | | | | | | | |
| 29. | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник за планирање и следење на локален економски развој | 1 |
| 29-а | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник за односи со јавност и култура и соработка со цивилниот сектор | 1 |
| 30. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за Здравствена, социјална и детска заштита | 1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30-а | | | | | | | |
| 30- б | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за односи со јавност и култура и соработка со цивилниот сектор | 1 |
| 30-в | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за подготовка и анализа на проекти од области на јавните дејности и локалниот економски развој | 2 |
| 30-г | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за спорт | 1 |
| 31. | | | | | | | |
| 32. | | | | | | | |
| 33. | | | | | | | |
| **2. СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА** | | | | | | | |
| 34. | УПР | 01 | 01 | Б02 | 000 | Раководител на Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура | 1 |
| **2.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА** | | | | | | | |
| 35. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина | 1 |
| 36. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за Издавање на изводи од урбанистички планови и одобренија за градење | 1 |
| 36-а | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за животна средина | |
| 37. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за просторно и урбанистичко планирање | 1 |
| 7-а | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш Соработник за животна средина | 1 |
| 38. | | | | | | | |
| 39. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за Сообраќај, локални патишта, улици и комунална контрола | 1 |
| )-а | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за управувањеи документирање на постапките за издавање одобренија | 1 |
| 40. | | | | | | | |
| 41. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за Административно технички работи | 1 |
| -а | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен Референт за документациони работи | 1 |
| 42. | | | | | | | |
| **2.2 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА** | | | | | | | |
| 43. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура | 1 |
| 44. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за Уредување на градежно земјиште и прибавување, комплетирање и обезбедување на техничка документација | 1 |
| -а | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник за градежно земјиште, пресметување на комуналии и следење на реализација | 1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | на инфраструктурни проекти | |
| 45. | | | | | | | |
| 46. | | | | | | | |
| 47. | | | | | | | |
| 48. | | | | | | | |
| 49. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад Соработник за Уредување на градежно земјиште, пресметка на комуналии и следење на градежните активности на терен | 2 |
| 50. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад Соработник за уредување на просторот | 1 |
| 50-а | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад Соработник за заштита и спасување, управување со кризи и административна поддршка на ТППЕ Крива Паланка | 1 |
| 50-б | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за комунални работи и јавно осветлување | 1 |
| 51. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен Референт Геометар | 1 |
| 51-а | УПР | 01 | 01 | Г03 | 000 | Референт за комунални работи и јавно осветлување | 1 |
| 52. | | | | | | | |
| **3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР** | | | | | | | |
| 53. | ИНС | 01 | 01 | Б04 | 001 | Виш инспектор - Раководител на одделение за инспекциски надзор | 1 |
| 54. | | | | | | | |
| 55. | | | | | | | |
| 56. | ИНС | 01 | 01 | В01 | 001 | Овластен инспектор за животна средина | 1 |
| 56-а | ИНС | 01 | 01 | В01 | 001 | Овластен инспектор за домување | 1 |
| 56-б | ИНС | 01 | 01 | В03 | 001 | Овластен градежен инспектор | 1 |
| 56-в | ИНС | 01 | 01 | В04 | 001 | Општински комунален инспектор | 1 |
| 57. | УПР | 01 | 01 | Г03 | 000 | Референт - Комунален редар | 2 |
| **4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | | | | | | | |
| 58. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за човечки ресурси | 1 |
| 59. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за Управување и координација со човечки ресурси | 1 |
| 59-а | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за административни работи | 1 |
| **5. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА** | | | | | | | |
| 60. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за внатрешна ревизија | 1 |
| 61. | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник внатрешен ревизор | 1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 62. | | | | | | | |
| **6. ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА** | | | | | | | |
| 63. | ПОЖ | 02 | 10 | А04 | 000 | Командир на ТПП единица | 1 |
| 64. | ПОЖ | 02 | 10 | Б04 | 000 | Командир на одделение за противпожарна заштита | 5 |
| 65. | ПОЖ | 02 | 10 | В03 | 000 | Пожарникар спасител- возач на специјално возило | 7 |
| 66. | ПОЖ | 02 | 10 | В04 | 000 | Пожарникар спасител | 5 |

Република Северна Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
КРИВА ПАЛАНКА

| Примено: | 18.03.2022 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 01 | 840/3 | | |

**До: Општина Крива Паланка**
**Архивски број: 09-1207/2**
**Датум: 18.03.2022**

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработени во јавен сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18) и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19 и 14/20), Министерството за информатичко општество и администрација дава

**СОГЛАСНОСТ**

**на**

**Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Крива Паланка, со архивски број: 01-840/1 од 11.03.2022 година.**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

**Општина Крива Паланка**, поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање согласност Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Крива Паланка. Министерството за информатичко општество и администрација ги разгледа доставените акти и констатира дека истите се во согласност со одредбите од Законот за административни службеници, Законот за вработените во јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава согласност на :

**Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Крива Паланка, со архивски број: 01-840/1 од 11.03.2022 година.**

Заменик министер
Александар Бајдевски

Подготвил: Селма Хаџиќ